ЗАОКРУЖИ НЕ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ ВО ПОЛИТИКА

# *Нема простор за говор на омраза и дискриминација на кандидатките за градоначалнички и советнички на претстојните локални избори*

Насилството врз жените во политиката се манифестира во повеќе облици, најчесто како мизогинија, сексистички, шовинистички и друг тип на напади и понижување, а тоа претставува директен напад врз демократијата и пристапот/правото до еднакви можности.

Овие локални избори се тест за нашите способности и разбирање на правото на еднакви можности и слободни и фер избори. Жените го имаат истото право како и мажите да бидат активни во политичкиот живот, да придонесуваат со својата експертиза и знаење без страв од насилство во било која форма коешто негативно влијае на личниот, професионалниот и семејниот живот на жените политичарки, како и на нивото на целиот политички дискурс.

Затоа, ние членовите на Работната група за родова еднаквост[1], силно ги осудуваме сите форми на говор на омраза и дискриминација со коишто се нарушува правото на жените да учествуваат слободно и правично во изборниот процес како кандидатки. Ние се обврзуваме и дека нашите политички партии неодложно ќе преземат санкции и други дејствија против нашите членови кои користат несоодветен и дискриминаторски јазик или насилство со коешто се нарушува угледот на жените политичарки. Мораме да создадеме безбедно опкружување со цел и мажите и жените бидат политички активни и поддржани во нивните заложби да се кандидираат на демократски и слободни избори.

---

[1] Работната група за родова еднаквост е тело составено од жени и мажи претставници на 8 политички партии (СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, Алијанса за Албанците, ЛДП, ДОМ, Алтернатива, Движење Беса)

Се надеваме дека ќе се стави крај на вербалните напади врз жените-кандидатки и дека предизборниот период и изборите ќе продолжат во фер и демократска атмосфера за сите учесници.

*Националниот демократски институт и Шведската меѓународна агенција за развојна соработка (Сида) во моментов ја спроведуваат кампањата „Заокружи НЕ за насилство врз жени во политиката" како дел од проектот WoMen Lead: Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените. Кампањата има за цел да се елиминира насилството врз жените во политиката и да се унапреди родовата еднаквост преку политичко учество, поддршка и поттикнување на жените да учествуваат во најголем можен степен во политиката, како резултат на нивните желби, предиспозиции и амбиции.*

**Работна група за родова еднаквост:**

Вјолца Бериша, Алијанса за Албанците

Арбен Таравари, Алијанса за Албанците

Вјолца Муртези, Алтернатива

Адмирим Халити, Алтернатива

Стефан Андоновски, ВМРО-ДПМНЕ

Марија Митева, ВМРО - ДПМНЕ

Мелинда Рашиди, Движење БЕСА

Фатри Салуи, Движење БЕСА

Силвана Кржовска, ДОМ

Христа Најданов, ДОМ

Бедри Фазли, ДУИ

Арбана Пашоли, ДУИ

Билјана Аврамоска-Ѓореска, ЛДП

Игор Вељаноски, ЛДП

Снежана Калеска Ванчева, СДСМ

Марко Михаилоски, СДСМ